Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 190/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ за порталот motika.com.mk го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА

**Порталот motika.com.mk го отстранил текстот со наслов „Јеховините сведоци, Лајонес, кеш бек и брзите кредити може вода да им носат“ и од порталот и од својата Фејсбук страни, веднаш по примањето на жалбата од „КВИР ЦЕНТАР“.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 13 јули е испратена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ за насловот и мемето „Јеховините сведоци, Лајонес, кеш бек и брзите кредити може вода да им носат“, објавен на порталот motika.com.mk на 12.07.2023 година.

Жалителот наведува дека порталот motika.com.mk со самиот наслов на објавената содржина (меме), како и со лажната ММС порака, инсинуира и ги обвинува организаторите на Скопје прајд, или на парадата на гордоста дека агитирале кај поединци преку пораките на социјалните мрежи, односно нуделе пари, пијалаци и друго за да дојдат на парадата. Според КВИР Центарот, фотографијата која е споделена во рамки на постот не е вистинита и порталот не контактирал никој од организаторите за да ја провери информацијата. Исто така, целта на објавениот пост, според претставниците на КВИР Центарот е да се портретираат ЛГБТИ+ луѓето, како штетни за општеството.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со порталот Мотика и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Порталот Мотика во својот одговор од СЕММ вели дека во целост не се согласува со наведеното во жалбата, наведувајќи го, меѓу другото и следново:

- Мотика е хумористичен медиум, па оттаму сликата која е МЕМЕ креирано од читател со цел да насмее, е објавена во категоријата „Македонски несекојдневни ситуации“. Впрочем и под самата слика стои текст со следната содржина: „Смеењето е најслатко кога е на своја сметка. Дознајте какви несекојдневни работи се случуваат во секојдневниот живот на Македонците...“.
- Мотика во голем дел користи User Generated Content и посетителите добро знаат дека можат да испратат своја смешна слика или видео, за да бидат објавени во категоријата „Македонски несекојдневни ситуации“. Објавувањето на социјалните мрежи оди по автоматизам.
- Никој не побарал содржината да се отстрани од порталот, што укажува на тенденциозноста на оваа жалба… Ние имаме стриктно правило ако барем еден човек побара да биде отстранета некоја содржина, веднаш го правиме тоа. Дури и со оваа содржина ќе постапиме на ист начин, бидејќи сега дознавме дека некому му пречи ваков тип на хумор.

- Ние не објавуваме содржини ... директно на Фејсбук, туку таму споделуваме исклучиво линкови од нашиот портал... ако некој решава да коментира на Фејсбук откако ќе ја види содржината на Мотика, тоа е затоа што сака својот став да го каже јасно и гласно потпишан со име и презиме... сметаме дека треба да се реагира директно до лицата кои коментирале таму, ... [сепак] линкот ќе биде отстранет и од Фејсбук.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби, со мнозинство гласови, смета дека треба да се отфрли жалбата бидејќи Порталот motika.com.mk, веднаш по примањето на жалбата од „КВИР ЦЕНТАР“,самиот го отстранил мемето со спорната содржина и од порталот и од неговата Фејсбук страница.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата за жалби констатираше дека станува збор за медиум кој речиси нема новинарски обработени производи. Медиумот објавува првенствено хумористични и други содржини, кои можат да се категоризираат како „жолт печат“. Објавената содржина со наслов „Јеховините сведоци, Лајонес, кеш бек и брзите кредити може вода да им носат“ е т.н. ‘меме’ изработено од читател со очигледна намера да ја засмее публиката, но потсмевајќи се со припадниците на една цела заедница. Порталот Мотика нема направено никаква уредувачка интервенција.

Мемето е феномен на визуелната култура што е мошне популарен на интернет токму поради неговиот забавен или хумористичен аспект. Терминот генерално се однесува на слики, куси видеа или аудио снимки во кои некоја идеја, тип на однесување или тренд во начинот на живот се опишува на хумористичен начин, а потоа се споделува меѓу поголема група луѓе. Современата дигитална комуникација не би можела да се замисли без ваквите содржини, бидејќи со нив идеите се пренесуваат брзо, лесни се за восприемање и речиси воопшто не бараат напор да се „прочитаат“.

Медиумите кои објавуваат вакви содржини треба да се свесни дека хуморот и иронијата во мемето може да се користат и како форма на изразување со која се нагласуваат стереотипите или предрасудите за некоја група или заедница. Со честото споделување на интернет мемињата, негативните стереотипи за одредени групи стануваат поприсутни и се зацврстуваат наместо да се разбиваат. Токму хумористичниот карактер на интернет мемето и неговата сеприсутност на социјалните мрежи го отежнуваат отфрлањето на одредени стереотипи. Токму таков ризик постои со споделувањето на мемето со наслов „Јеховините сведоци, Лајонес, кеш бек и брзите кредити може вода да им носат“.

Сепак, за онлајн медиумот било доволно известувањето од СЕММ дека е поднесена жалба, за да сфати дека објавеното меме предизвикало негативна реакција кај припадниците на ЛГБТ заедницата. Позитивно е што медиумот веднаш реагирал и самиот медиум ја отстранил оспорената содржина и што има востановено таква практика.

Комисијата, при формирањето на ова Мислење ја имаше предвид и поранешната практика на КВИР Центарот да комуницира со медиумите за кои смета дека известуваат неетички и непрофесионално и со заеднички договор таквите содржини да се отстрануваат. Комисијата препорачува ваквата практика граѓанските организации и другите жалители да ја користат и во иднина.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595